Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21) член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02 и член 24 од Статут на Општина Центар Жупа (“Службен гласник на Општина Центар Жупа” бр.02/2006.), Советот на Општина Центар Жупа на 3та седницата бр. 14-118/13 одржана на ден 15.03.2022 година го усвои:

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА ЗА 2021 ГОДИНА

Центар Жупа, Февруари 2022

ВОВЕД

Општината Центар Жупа се наоѓа во Западна Македонија и претставува дел од Југозападниот регион со вкупна површина од 107,21 км². Општината се протега од северо-запад кон југо-исток, заедно со Дебарското Езеро на северо-запад, се граничи со општина Дебар на северо-исток, општина Струга на југоисток, додека на исток на сосема мал дел од својата територија со општина Дебарца и повторно со Дебарско Езеро и Требиште во соседна Албанија југо-запад.

Во потесната околина на општината видливи се три карактеристични природни области: низина (долина), шумски површини и високи планински пасишта. Низинската област е претставена со Дебарското поле, кое претставува типична земјоделска површина. Падините на околните планини кои се спуштаат кон Дебарското поле се живеалиште на бројни шумски видови, додека во подножјето на падините, како и на високите планински врвови, присутни се тревестите екосистеми –ливади и пасишта. Во општината се наоѓа Дебарското Езеро. Дебарското Езеро претставува вештачка акумулација, која се полни преку водите на реката Црн Дрим, која истовремено со вода ја снабдува и акумулацијата Глобочица. Општина Центар Жупа припаѓа на морфолошката единица на Западна Македонија. Западна Македонија, како морфолошка единица е претежно планинско подрачје, каде се издигнуваат планинските врвови, со мошне стрмни страни, високи и преку 2500м, често и непристапни во поедини делови. Општина Центар Жупа припаѓа на Шарски планински предел кој е составен од: Шар Планина, Бистра, Стогово, Караорман, Галичица, Кораб, Дешат и Јабланица.

Центар на општината е населеното место Центар Жупа, самата општина опфаќа 23 населби, од кои 5 населени места се сосема раселени, додека населеното место село Долно Мелничани претставува викенд населба, со постојани 11 жители. Понатаму населени места се: Горенци, Оџовци, Баланци, Броштица, Црнобоци, Центар Жупа, Голем и Мал Папрадник, Бајрамовци, Житинени, Брештани, Праленик, Коџаџик, Новак, Елевци и Долгаш.

1 .Буџет и Одлука за извршување на буџетот на Општината

Буџет и Одлука за извршување на Општина Центар Жупа за 2021 година е донесен на седницата одржана на 29.12.2020 година од страна на Советот на Општина Центар Жупа , Одлука за изменување и дополнување на буџетот на Општина Центар Жупа за 2021 година, донесена на 1-ва седница оддржана на 11.11.2021 година.

2.Годишна сметка

2.1.Приходи и расходи на Општина

За извршување на основните функции на општината за тековната 2021 година, односно Советот на општината донесе Буџет за работа во износ од 127.618.000,00 денари по програми согласно буџетско трезорското работење со следната структура на приходи и расходи. Планирани и реализирани приходи и трошоци по видови и по сметки се содржани во табеларниот приказ и тоа се поделени во колони на основен буџет, дотации, донации и самофинансирачки активности.

Во понатамошниот дел од материјалот се дадени и прегледи за остварени и реализирани приходи и трошоци поединечно за сите општински буџетски корисници и тоа за сметка за дотации ,донации и за самофинансирачки активности.

Табела 1. Планирани приходи во денари за буџетска 2021 година во споредба со буџетска 2020 година

Планирани приходи по видови	2021 година
Даночни приходи	6.492.000
Неданочени приходи	460.000
Капитални приходи	8.130.000
Трансфери	34.918.000
Наменски дотации	76.948.000
Проходи од самофинансирачки активности	70.000
Донации	600.000
Домашно задолжување	
Пренесено салдо од претходна година	0
Вкупно планирани приходи	127.618.000

Табела 2. Планирани расходи во денари за буџетска 2021 година во споредба со буџетска 2020 година.

Планирани расходи по видови	2021 година
Плати и надомесотоци	68.550.000
Резерви и недефинирани расходи	260.000
Стоки и услуги	18.566.000
Каматни плаќања	80.000
Субвенци и трансфери	4.370.000
Социјални бенифиции	30.000
Капитални расходи	34.797.000
Отплата на главница	965.000
Вкупно планирани расходи	127.618.000

Реализација на буџет

Врз основа на усвоените програми кои се составен дел на Буџетот на општината Центар Жупа е реализирано извршувањето на Буџетот како што следува :

Табела 3. Табеларен приказ на вкупно реализирани приходи за 2020 и 2021 година.

Вкупно реализирани приходи	2021 година
Даночни приходи	6.036.682
Неданочени приходи	269.829
Капитални приходи	13.642.139

Трансфери	30.896.492
Наменски дотации	67.408.000
Проходи од самофинансирачки активности	40.550
Донации	594.000
Домашно задолжување	
Пренесено салдо од претходна година	0
Вкупно планирани приходи	118.887.692

Во споредба со даночните приходи со 2020 година во 2021 година имаме зголемување на даночните приходи.

Табела 4. Табеларен приказ на вкупно реализирани расходи

Вкупно остварени расходи по видови	2021
Плати и надомесотоци	67.631.664
Резерви и недефинирани расходи	160.000
Стоки и услуги	15.978.556
Каматни плаќања	13.437
Субвенци и трансфери	2.139.550
Социјални бенифициии	15.000
Капитални расходи	27.924.376
Отплата на главница	965.000
Вкупно планирани расходи	114.827.583

3. Извештај за користење на финансиски средства од постојаната и тековната резерва.

Во буџетот на општина Центар Жупа за 2021 година планирани се средства за 41-резерви и недефинирани расходи во износ од 260.000 денари и тоа за 412-постојана резерва (непредвидливи расходи) 60.000 денари и 200.000 денари за 413-тековни резерви (разновидни расходи).Планираните средства од постојаната и тековната резерва се реализирани во износ 160.000 денари и тоа:

30.000 денари финансиска помош на здружение за спорт и риболов ТРОФТА по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.08.124/2 од 17.03.2021

15.000 денари трошоци за смрт на родител по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05.162/2 од 19.04.2021.

15.000 денари трошоци за смрт на родител по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05.239/2 од 29.06.2021.

40.000 денари за определување, пресметување и исплата на отпремнина по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05.327/2 од 05.08.2021

15.000 денари трошоци за смрт на брачен другар (сопруг) по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05-386/3 од 22.10.2021

15.000 денари трошоци за смрт на родител по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05-412/2 од 10.11.2021

15.000 денари финансиска помош на Карате Клубот Уранику по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.08-464/2 од 09.12.2021

15.000 денари трошоци за смрт на родител по решение донесено од страна на градоначалникот на општина Центар Жупа бр.05-485/2 од 24.12.2021

4. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности.

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

- А - Совет на Општина
- D - Градоначалник
- E - Општинска администрација
- G - Локален економски развој
- F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
- J - Комунални дејности
- N - Образование
- W - Противпожарна заштита
- К – Културни манифестации и творештво
- R – Заштита на животна средина и природа
- Т – Унапредување на здравствената заштита

4.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Центар Жупа за програмата на А - Совет на Општина од планираните 1.000.000 денари реализирани се 627.122 денари. Советот на Општина Центар Жупа во 2021 година одржа 4 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2021 година на име плати и надоместоци исплатени се 567.732 денари. За Стоки и услуги се потрошени 44.390 денари.

4.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 1.730.000 денари во буџетот, реализирани се 1.250.328 денари. За исплатени плати и надоместоци од плати се реализирани во износ од 923.096 денари. Од резервите (постојана резерва) се потрошени 160.000 денари, а за Стоки и усуги се потрошени 156.806 денари, додека за репрезентација се потрошени 53.554 денари.

4.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Центар Жупа за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 15.240.000 денари, а се реализирани 14.110.057 денари. Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 8.867.104 денари. За стоки и услуги (комунални услуги , греење, комуникација, транспорт, ситен инвентар и тековно одржување, други договорни услуги, други тековни расходи) се потрошени 3.300.916 денари од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација. За каматни плаќања се реализирани 13.437 денари. За субвенции и трансфери се реализирани 963.600 денари. За отплата на главница од вкупно планирани 965.000 денари реализирани се 965.000 денари. За капитални трошоци на општината планирани се 3.800.000 денари, а реализирани се 3.528.220 денари.

4.4. Г 10- Локален економски развој

Во програмата за Локален економски развој се предвидени средства во износ од 40.000 денари, а не се реализирани финансики средства. Тековни активности: Програмата за активностите на Општина Центар Жупа во областа на локалниот економски развој во текот на 2021 година се реализираа кон подршка на локалниот економски развој, поттикнување на развојот на туризмот, земјоделството. Редовно ажурирање на информациите на официјалната веб страна на општината за презентација на општина Центар Жупа.

4.5. Ј – Комунални дејности

Комунални дејности опфаќаат повеќе програми кои за под заедничка програма (Ј).

Во буџетот за 2021 година за програма Ј - 30 Јавно осветлување беа планирани средства во износ од 1.550.000 денари, а се реализирани 1.471.057 денари.

Во програма Ј-40 Јавна Чистота беа планирани 160.000 денари, а се реализира 83.016 денари.

Во програма Ј – 60 Одржување и заштита на локални патишта и улици беа планирани 1.930.000 денари, а се реализира 1.629.834 денари.

Во програма Ј – 80 Други комунални услуги беа планирани 1.230.000 денари, а се реализира 1.186.009 денари.

Во програма ЈD -0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во беа планирани 20.300.000 деанри, а реалзиирани се 17.823.779 денари.

Во програма ЈD-А Изградба и реконструкција на локални патишта и улици во ставка капитални расходи беа планирани 1.200.000 денари, а реализирани се 1.126.095 денари.

4.6. Ф- 10 Урбанистичко планирање и Ф- 20 уредување на градежно земјиште.

Во програмите за Ф- 10 Урбанистичко планирање беа планирани средства во износ од 50.000 денари ,а реализирани се 6.672 денари, и Ф- 20 уредување на градежно земјиште за 2021 година беа планирани средства во износ од 50.000 денари ,а не реализирани средства.

4.7. Н – Образование

Во Н – 10. Програма за Основно образование планирани беа средства во висина од 54.238.000 денари, а реализирани се 52.875.032 денари.

Во Н – 20. Програма за средно образование планирани беа средства во износ од 22.710.000 денари, додека реализирани се 17.399.746 денари.

4.8. W – Противпожарна заштита

Во Буџетот на Општина Центар Жупа за 2021 година во Програмата W-Противпожарна заштита планирани беа средства во вкупен износ од 120.000 денари, се реализираа 7.500 денари.

4.9. К4-Културни манифестации и творештва

За културни манифестации во 2021 година беа планирани средства во висина од 50.000 денари, а не се реализира.

4.10. R –Заштита на животна средина и природа

Во Буџетот на Општина Центар Жупа за 2021 година во програмата R –Заштита на животна средина и природа планирани беа средства во вкупен износ од 50.000 денари, а не се реализираа.

4.11.Т – Унапредување на здравствената заштита

Во програмата за унапредување на здравствената заштита во буџетот на општина Центар Жупа за 2021 година во ставката стоки и услуги беа планирани 100.000 денари, но не се реализираа

4.12 Извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви по потпрограма А0 – Совет на Општина, ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) не се предвидени средтсва за трошење

Од вкупно планираните средства за тековни резерви по потпрограма Д0 – Градоначалник, ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 200.000 денари во 2021 година вкупно се потрошени 160.000 денари и тоа согласно донесени решенија од Градоначалникот и одобрување од Советот на општина Центар Жупа за доделување на еднократна парична помош на социјално загрозени семејства.

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

Сметководствената евиденција во општина Центар Жупа се води во согласност со законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи и за расходите и другите одливи.

Податоците во годишната (завршна)сметка на општина Центар Жупа за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи. Врз основа на веродостојна и целосна документација се врши евидентирање на финасиската документација во сметководствениот систем.

Во согласност со Законот за внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на општина Центар Жупа.

Одделение за финансиски прашања
Совет на општина Центар Жупа
Претседател
Бирџан Селман